Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 02-180/1
02-02-2024 год.-vit
Скопје-Shkup

**ГОДИШЕН ПЛАН**

**ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО**

**АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

**за 2024 година**

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

*I. Вовед*

Проценката на ризици од корупција претставува инструмент за добро управување со ризиците, преку кој се лоцираат работните процеси и пракси кои се под ризик од корупција и се преземат мерки за нивно намалување.

Корупција претставува забрането однесување, односно, стекнување на противправна, материјална и нематеријална придобивка, лична корист, погодност или предност за себе или за друг, злоупотребувајќи ја својата службена положба и овластување.

Под „ризик од корупција" се подразбира вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција кој вклучува прашања за судир на интереси, неспоивост на функции, примање на подароци, лобирање, невоспоставен систем на заштита од укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувања, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од областа на интегритетот.

Интегритет претставува, законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспаретно вршење на работите на начин што, службените лица пред се го чуваат својот углед но и угледот на институцијата во која истите се одговорни или вработени лица и истовремено ги елиминираат ризиците во можноста од настанување и развој на корупција.

*II. Форми на корупција*

Формите на корупција дефинирани според националната законска регулатива се препознаваат преку:

- злоупотреба на службена положба и овластување заради директно и/или индиректно ветена, понудена, дадена, прифатена или побарана материјална или нематеријална корист, предност или друг интерес за себе или друг,
- дискрециони овластувања,
- непотизам,
- непостапување на вработените при извршување на своите работни задачи.

Сите овие форми на корупција се манифестираат преку злоупотреба на примање, поткуп, изнуда, злоупотреба на службени возила, прифаќање на услуги и/или подароци, губење и/или подметнување на докази, вработување спротивно на законски прописи, спроведување на јавни набавки спротивно на закон, делување или водржување од делување во согласност со своите работни задачи.

### *III.Антикорупциска политика на АЦВ*

Агенцијата за цивилно воздухопловство (АЦВ) не толерира коруптивно однесување како што е искористување на функција, јавно овластување, службена должност и положба за остварување на било каква корист за вработените лица или нивните блиски.

Директорот и раководните лица на организационите единици се одговорни за проценка и отстранување на ризиците кои што придонесуваат за појава на корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање на повластен третман или било каква друга форма на неетичко и незаконско однесување.

Вработените лица во АЦВ се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните акти и рокови за постапување, да бидат лојални на институцијата, да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за угледот на институцијата без разлика дали се наоѓаат на работното место и во работно време или надвор од истата.

Сите вработени се должни да пријават било какво коруптивно однесување на начин пропишан во интерните акти за пријавување на случаи во кои постои сомнеж на корупција или друго неетичко однесување. Вработените лица на кои што им било понудено поткуп или биле поттикнувани на незаконски и неетички дејствија се должни веднаш да ја прекинат комуникацијата со лицето кое понудило поткуп и писмено да го известат надлежното лице во институцијата-раководното лице и/или лицето за интегритет.

Директорот и раководните структури врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина го гарантираат правото на заштита од одмазда и закани кон лицата кои што пријавиле неетичко и незаконско однесување. Доколку се докаже дека лицето тендециозно или злонамерно пријавило или дало лажен исказ, против него ќе бидат преземени соодветни мерки за одговорност.

### *IV.Мерки и активности кои ќе ги преземе Агенцијата за цивилно воздухопловство во насока на воспоставување на ефикасен систем за превенција и борба против корупцијата*

Заради воспоставување на ефикасен систем за превенција и борба против корупцијата надлежностите на АЦВ ќе се спроведуваат на законски, транспарентен, етички, одговорен и ефективен начин, при што ќе се води грижа за:

- совесно управување со политичкото влијание и негово спречување како детерминанта за корупција во Агенцијата за цивилно воздухопловство како независно регулаторно тело и во постапките регулирани со закон;
- јакнење на интегритетот и отчетноста на Агенцијата;
- јакнење на надзорните и контролните механизми врз основа на проценка на факторите кај областите во кои е дефиниран евентуален ризик за појава на корупција, а заради унапредување на квалитетот ќе се спроведуваат планираните мерки и активности согласно Акциониот план (во прилог).

Во насока на исполнување на сето горенаведено, потребно е континуирано зголемување на јавната свест кај вработените со цел да пријават корупција при секое сомневање за евентуална неправилност во постапувањето или однесувањето на конкретен вработен во Агенцијата.
Односно, секој вработен е должен во своето работење да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно и да пријавува коруптивно однесување на лица, како и сомнение за постоење на измама, корупција, непотизам, клиентелизам, кронизам, јавен и приватен интерес, што не е право на избор, туку одговорност и службената должност.

### *V. Идентификувани области подложни на корупција во рамките на делокругот на работење на АЦВ*

Годишниот план за проценка на ризици од корупција придонесува во спроведување на деловната политика на Агенцијата за цивилно воздухопловство за борба против корупцијата и нулта толеранција за злоупотреба при извршување на надлежностите како и преку детектирање на слабостите во процесите и делокругот на работите во самата институција, на начин и со цел да се обезбеди пред се, владеење на правото како и квалитативен и ефикасен придонес во борбата против корупцијата.
Годишниот план за проценка на ризици од корупција во АЦВ е креиран низ партиципативен процес на неколку начела :

- начело на законитост,
- начело на интегритет,
- начело на еднаквост,
- начело на јавност,
- начело на заштита и одговорност.

АЦВ го подготви овој план за процена на ризици од корупција, кој претставува основ за утврдување и дефинирање на ризични области за корупција во рамки на нејзината надлежност и делокруг на работење, како и идентификација на конкретни мерки и активности за контрола и превенција на појава на корупција (оперативни процеси, финансиски процеси, ИТ и останати системски поддршки), компетентност на вработените, етика и однесување во институцијата, внатрешна организација (управување, улоги и одговорност), безбедност на вработените, доследно почитување на постојните законски прописи, акти и правила.

Врз основа на проценка на фактори кои влијаат на работењето на АЦВ со годишниот план за проценка на ризици од корупција се утврдени 4 приоритетни области каде најчесто постои ризик за појава на корупција:

- Индивидуален и институционален интегритет,
- Квалитет на работа во АЦВ,
- Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи,
- Јавни набавки

Преку Акционениот план што е составен дел на Годишниот план , ќе се даде преглед на ризикот, активностите, мерките, носителите/надлежните организациони единици, рокот за реализација, фискалните импликации и проценка на ризикот за реализација на активности преку кои успешно би се имплементирале дефинираните мерки.

**Област 1: Индивидуален и институционален интегритет**

| Ризик | Активност | Мерка | Носител/ Надлежна организациона единица | Рок за реализација | Финансиски импликации | Проценка на ризик |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Несоодветно ниво на личниот и професионалниот интегритет на вработените и избраните лица | Унапредување на личниот и професионалниот интегритет и етика на вработените и именуваните лица | Периодични проценки на работните процеси со цел идентификација на корупција | Раководители на организациони единици/Директор | На 6 месеци | Нема | Контролиран |
| | Развој и спроведување на политики и практики на управување со човечките ресурси за професионален развој | Едукација на вработените преку обуки | Сектор за правни и општи работи, вклучително и сите организациони единици во АЦВ | Континуирано | Нема | Контролиран |
| | Посветеност на високото раководство во креирање на организациска култура на професионалност, законитост и нетолерантност на корупција | | Раководители на организациони единици/Директор | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Постапување на вработените во спротивност со Кодексот на однесување | Унапредување на знаењето и примена на Кодексот на однесување | Упатство за постапување со подароци, погодности и гостопримства | Сектор за правни и општи работи | Континуирано | Нема | Контролиран |

| **Област 2: Квалитет на работа во АЦВ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ризик** | **Активност** | **Мерка** | **Носител/Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** | **Проценка на ризик** |
| Несоодветна примена на интерните процедури во АЦВ | Доследна примена на процедурите за работните процеси во АЦВ | Проверка на почитување на процедурите | Сектор за правни и општи работи-овластени лица | Континуирано | Нема | Контролиран ризик |
| | Обезбедување на систем за електронско управување со документи | Редовна контрола на системот за управување со документи | Одделение за информатички технологии и телекомуникации | Прва половина на 2024 | Има | Делумно контролиран |

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

| Област 3: Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ризик** | **Активност** | **Мерка** | **Носител/ Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** | **Проценка на ризик** |
| Несоодветна примена на легислативата и на системот за заштита на укажувачите | Подигнување на свеста на вработените за начинот на постапување по Законот за заштита на укажувачите и подзконските акти | Унапредување на знаењето согласно закон и Упатството за начинот на постапување при заштитено внатрешно пријавување | Лице задолжено за прием на пријави од укажувачи/ Лице за интегритет | Континуирано | Нема | Контролиран |
| | Постапување согласно законските прописи, обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување на личните и другите податоци | Изработка на полугодишен извештај за постапување по пријави од укажувачи | | Јули 2024/ јануари 2025 | Нема | Контролиран |

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

| Област 4: Јавни набавки | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ризик** | **Активност** | **Мерка** | **Носител/ Надлежна организациона единица** | **Рок за реализација** | **Финансиски импликации** | **Проценка на ризик** |
| Несоодветно планирање на потребите за јавни набавки | Почитување на правната легислатива и интерната Процедура за начинот и постапката на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки во АЦВ | Вклучување на повеќе лица-вработени во постапките на јавни набавки | Сите организациони единици во АЦВ | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Недоволна контрола на АЦВ врз имплементација на договорите за јавни набавки | Континуирана едукација на вработените кои учествуваат во постапките за јавни набавки | Следење на постапки и проверка на постапување во случај на пријавен судир на интерес | Одделение на јавни набавки/ организациони единици во АЦВ | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Судир на интереси | Пријавување на потенцијален судир на интерес | Консултации со лицата кои ги спроведуваат јавните набавки, ротација на вработените-членови на комисиите за јавни набавки | Сектор за правни и општи работи/ Одделение за јавни набавки/Лице за интегритет | Континуирано | Нема | Контролиран |
| Погрешна примена на доверените овластувања | Унапредување на знаењето на вработените за начинот на подготовка на соодветна потребна документција | | Сите организациони единици во АЦВ | | | |

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

**VI. Носители на активности**

Имплементацијата на Годишниот план е обврска на директорот и сите вработени, односно, раководни лица, организациони единици-сектори и одделенија, кои е потребно, да дадат свој придонес кон намалување на нивото на корупција преку доследна, бескомпромисна и неселективна борба против корупцијата, како и зајакнување на интегритетот, транпарентноста и отчетноста на АЦВ.
Донесувањето на овој план наметнува обврски во временски рамки, за реализација и доследно почитување на дефинираната агенда и предвидените активности.

**VII. Завршни одредби**

Овој План влегува во сила на денот на неговото донесување и истиот ќе биде објавен на веб страната на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**02.02.2024 година**

**Директор**
**д-р Томислав Тунтев**